Бр./Nr 12-316/2

25-04-2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 85та седница одржана на 12.04.2023 година ја донесе следната

*ОДЛУКА*

Пријавата заведена под број 12-316/1 од 16.01.2023 година, против Јавниот обвинител во Вишото Јавно Обвинителство ----- ----- ----- и Јавниот обвините во Основното Јавно Обвинителство ----- ----- ----- , а во врска со незадоволство од нивното постапување при вршење на јавнообвинителската должност **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што оцени дека друг орган е надлежен да постапува.

Предметот со број 12-316/1 од 16.01.2023 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на познат подносител, на ден 16.01.2023 година, поднесена е пријава за против Јавниот обвинител во Вишото Јавно Обвинителство ----- ----- ------ и Јавниот обвините во Основното Јавно Обвинителство ----- ----- ---- , а во врска со незадоволство од нивното постапување при вршење на јавнообвинителската должност и оформен е предмет број 12-316/1 од 16.01.2023 година.

Во пријавата подносителот наведува дека од страна на Основното јавно обвинителство Скопје, поведен е Обвинителен акт XXXI КО бр. ------ од 09.07.2021 година, против обвинетиот ---- ----- од ----- за кривично дело „Тешки дела против општата сигурност" од чл. 292 ст.2 в.в. со чл. 288 ст.1 од КЗ на РСМ. Со Пресуда врз основа на признание на вина XVI К.бр. ------- од 28.02.2022 година, Основниот кривичен суд ------, обвинетиот ----- ----- го огласил за виновен и го осудил на казна затвор во траење од 1- една година.

Оштетените од Основното јавно обвинителство -----, како незадоволни од изречената санкција – казна затвор во траење од 1- една година, доставиле Поднесок за да ОЈО ----- поднесе жалба против Пресудата XVI К.бр. ----- од 28.02.2022 година на Основниот кривичен суд -------.

ОЈО ------, не го зело во предвид Поднесокот од оштетените и не поднело жалба на Пресудата XVI К.бр. ------ од 28.02.2022 на Основниот кривичен суд ------. Против Пресудата, жалба поднел обвинетиот ---- ------- од -----, преку својот бранител, а на таквата жалба на обвинетиот, Вишото јавно обвинителство Скопје поднело Предлог КОЖ бр. ----- од 04.07.2022 година, со кој жалбата на обвинетиот се одбива како неоснована.

Јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство -----, ----- ------ на јавната седница пред Апелациониот суд ------, барал жалбата на обвинетиот ----- ----- од ------ поднесена преку неговиот бранител да се уважи и Пресудата XVI К.бр. ------ од 28.02.2022 година на Основниот Кривичен суд ------ да се преиначи во делот на одлуката за кривичната санкција, да се земат предвид олеснителните околности и на обвинетиот да му се изрече алтернативна мерка- условна осуда.

Притоа, подносителите на оваа претставка наведуваат дека истата е поднесена и до Советот на јавни обвинители на РСМ со цел да се преиспита работата на ОЈО ----- и на Вишиот јавен обвинител ----- ----- во постапката по Пресуда XVI К.бр. ----- од 28.02.2022 година на Основниот кривичен суд ------- пред Апелациониот суд ------ КЖ------ од 08.11.2022 година.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, односно Советот на јавните обвинители на РСМ, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: м-р Е.Н, советник
Одобрил: м-р Ш.С, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**